РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-375/6
26.12. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 144 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 43 седница одржана на 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Правни науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Правни науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година
3. .По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран правник /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in Law.
4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 508 Правни науки; Научно – истражувачка област: 50803 Граѓанско право; 50804 Казнено право; 50806 Меѓународно јавно право; 50807 Меѓународно приватно право; 50814 Уставно право и 50824 Деловно право.
5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.
6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0302 - 178 од 15.03.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Правни науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0302-204 од 31.03.2022 година (наш бр. 08 - 375/1 од 01.04.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 35-та седницата одржана на 13.04.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 375/3 од 31.10.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43-та седница одржана на 30.09.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова